## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## ЕУ ЦЕНТАР


# *ЕУ ВЕСТИ*


***декември 2021 година***
***ЕУЦ-број 68/2021***


## СОВЕТ ЗА ОПШТИ РАБОТИ НА ЕУ - заклучоци за проширувањето



Советот за општи работи на ЕУ на 14 декември годинава дебатираше за проширувањето на ЕУ и процесот на стабилизација и асоцијација. Во донесените заклучоци Советот ја потврдува својата посветеност на процесот на проширување кое останува клучна политика на ЕУ согласно обновениот консензус за проширување одобрен од Европскиот совет на 14 и 15 декември 2006г. и последователните заклучоци на Советот.

Советот на ЕУ очекува партнерите во процесот целосно да се посветат на приматот на демократијата, фундаменталните права и вредности и владеењето на правото.

Потсетувајќи на Агендата од Солун и Декларациите од Софија, Загреб и Брдо, Советот на ЕУ ја повтори недвосмислената поддршка на ЕУ за европската перспектива на Западен Балкан. ЕУ дополнително ќе го зајакне и интензивира својот ангажман на сите нивоа за да поддржи политичка, економска и социјална трансформација на регионот, вклучително и преку континуирана асистенција заснована на опиплив напредок во владеењето на правото и социо-економските реформи.

Советот на ЕУ со нетрпение ја очекува имплементацијата на Економскиот и инвестициски план и Зелената агенда за Западен Балкан. Во насока на дополнително заживување и зајакнување на политичкиот дијалог со регионот, Советот го поздравува одржувањето на Самитот ЕУ-Западен Балкан како редовен настан.

*Советот на ЕУ со нетрпение го очекува одржувањето на првите меѓувладини конференции со Република Северна Македонија и со Албанија што е можно поскоро, по одобрувањето на преговарачките рамки од негова страна.*

Добрососедските односи и регионалната соработка остануваат суштински елементи на проширувањето и Процесот за стабилизација и асоцијација.

Повикувајќи се на став 2 од заклучоците на состанокот од март 2020 година, Советот на ЕУ потсетува на важноста од постигнување на опипливи резултати и спроведување со добра волја на билатералните договори, вклучително на Договорот од Преспа со Грција и Договорот за добрососедски односи со Бугарија.

Советот потсетува дека владеењето на правото е фундаментална вредност врз која е заснована ЕУ, клучен аспект на демократската трансформација кој е во срцето и на Процесот на проширување и на Процесот за стабилизација и асоцијација, и клучна одредница по која се оценува остварениот напредок за членството во ЕУ.

Соодветното функционирање и независноста на демократските институции, кои се суштински елемент на добро функционалните демократии и клучен услов за пристапување во ЕУ, остануваат како итни предизвици.

Советот нагласува дека спроведувањето и на фундаменталните и на структурните реформи остануваат суштински за економското закрепнување и развој, бидејќи напорите за справување со корупцијата, подобрување на владеењето на правото, зајакнување на транспарентноста и зајакнување на институциите и социјалниот дијалог, исто така, ќе бидат од корист за економиите.

Зелената агенда и одрживото поврзување се клучни за одрживо закрепнување, како и за економска интеграција во регионот и ЕУ, што ќе биде од корист и за бизнисите и за пошироката јавност.

Советот ги охрабрува партнери во процесот да ги спроведат мерките од Заедничките заклучоци од економскиот и финансискиот дијалог меѓу ЕУ и Западен Балкан и Турција од 12 јули 2021 година, кои се базираат на нивните Програми за економски реформи.

https://www.consilium.europa.eu

### Содржина на вести:


| | |
|---|---|
| Совет за општи работи на ЕУ - заклучоци од проширувањето | 1 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2-3 |
| Табела со резултати за единствениот пазар на ЕУ за 2021 година | 3 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 4-5 |
| Предлог директива за борба против еколошкиот криминал во ЕУ | 6 |
| Извештај за наплатата на даноци во ЕУ | 6 |
| Прогнози на Европската централна банка за 2022 година | 7 |
| Стратегија на ЕУ за поврзување „Глобална порта“ | 7 |
| Франција: осум милијарди евра во заеднички европски проекти | 8 |
| Лидерите на ЕУ поделени околу правилата за патување по појавата на Омикрон | 8 |
| Продолжена уредбата за роаминг во ЕУ за 10 години | 9 |
| Нова заедничка земјоделска политика на ЕУ | 9 |
| Законски предлог за минимална плата во ЕУ | 10 |
| 10 декември - Ден на човековите права | 10 |
| Работа од дома низ регионите во ЕУ во 2020 | 11 |
| ЕУ календар / јануари 2022 | 11 |

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

www.europarl.europa.eu

***Пленарна сесија 13-16 декември 2021***

Декемвриската пленарна сесија на Европскиот парламент започна со оддавање на почит во спомен на жртвите од терористичките напади во Стразбур кои се случија на 11 декември 2018 год.
За време на свечената седница претседателот на Гана, Нана Адо Данква Акуфо-Адо изрази надеж дека ЕУ и Африканската унија можат да работат на заедничка стратегија и да дефинираат ново партнерство.
Европскиот граѓански панел за европска демократија/Вредности и права, владеење на правото, безбедност од 10-12 декември, годинава ја одржа трета седница. На седницата која се одржа во Европскиот универзитетски институт (EUI) во Фиренца, Италија и од далечина, граѓани од различна возраст и потекло, од сите земји-членки, усвоија 39 препораки за иднината на Европа на полето на европската демократија, вредности и права, владеење на правото и безбедност.
Европратениците одобрија речиси 320 милиони евра помош од Европскиот солидарен фонд за помош на Хрватска по земјотресите и 6,8 милиони евра за 1121 работници кои неодамна беа прогласени како технолошки вишок во Италија и Шпанија.
Со 590 гласа европратениците дадоа поддршка на целта на предложениот Меѓународен инструмент за набавки (IPI), но со одредени измени во однос на формата, опсегот и дискреционите овластувања на земјите-членки во начинот на кој ќе се применува.
Европратениците со 513 гласа усвоија извештај за законодавна иницијатива за справување со родовото сајбер насилство. Со извештајот се повторува недостигот од соодветна правна рамка за борба против феноменот и за заштита и поддршка на жртвите. Потребна е заедничка дефиниција за родово засновано сајбер насилство во кривичното право и усогласени минимални/максимални казни.

Европската година на младите 2022 ќе се фокусира на повторно воспоставување на позитивна перспектива за младите луѓе кои се негативно погодени од влијанието на пандемијата COVID-19. Означувањето на 2022-та како година во која фокусот ќе биде на младите подразбира да се преземат поголеми напори за вклучување на младинските приоритети во релевантните области на политиките на ЕУ и на секое ниво од процесот на донесување на одлуки во ЕУ. Европратениците ја поддржаа одлуката со 604 гласа.
На пленарната дебата со претседателката на ЕК, Урсула фон дер Лајен и Словенечкото претседателство со ЕУ, европратениците инсистираа вакцинацијата да остане најсилното достапно оружје против пандемијатиа. Потребни се дополнителни напори за да се надмине колебливоста кон вакцинацијата и да се зголеми бројот на вакцинирани во Европа и во светот, нагласија европратениците.
Наградата Сахаров на Европскиот парламент на 15 декември годинава во име на Алексај Навални ја прими неговата ќерка на церемонија по тој повод.
За време на дебатата за Фондовите за отпорност и закрепнување со европските комесари Домбровскис и Џентилони, и Словенечкиот министер Логар, европратениците ја истакнаа неопходноста од ефикасен и транспарентен мониторинг за успешност на националние планови. Повеќе европратеници повикаа на транспарентност и онлајн алатки преку кои ќе се следи реализацијата и напредокот на националните планови, како и за конечните корисници на финансирањето.

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

Во извештајот усвоен со 500 гласа европратениците повторија дека еднакви плати и еднаков третман се суштински предуслов за еднакви права на жените, економската независност и исполнувањето на кариерата. Европратениците ги повикаа земјите-членки да преземат практични мерки за да обезбедат еднаков пристап на жените до пазарот на труд и вработувањата, како и еднакви плати и работнички права.

Европскиот парламент даде зелено светло за почеток на преговори со земјите-членки, за правилата кои се однесуваат на големите онлајн платформи во ЕУ. Законодавството за дигитални пазари (DMA) дава можност за креирање на црна листа на одредени практики што ги користат големите платформи кои дејствуваат како „чувари на вратата“ и ѝ овозможува на Комисијата да спроведе пазарни истраги и да санкционира неусогласени однесувања. Текстот одобрен со 642 гласа поставува нови обврски и забрани директно применливи на таквите платформи, со цел да се обезбеди фер и отворен пазар.

Во дебатата со Словенечкиот министер Анже Логар и потпретседателот на Европската Комисија за промовирање на европски начин на живот, Маргаритис Шинас, европратениците го повикаа Европскиот Совет, Комисијата и земјите-членки на ЕУ да ги засилат напорите за да се запре континуираното влошување на европските вредности во Полска.

Во резолуцијата усвоена со 548 гласа Европскиот парламент го осудува актуелното големо руско воено засилување на украинската граница.

Европскиот парламент усвои три резолуции за состојбите со човековите права во Русија, Куба и Србија.



www.europarl.europa.eu

## ТАБЕЛА СО РЕЗУЛТАТИ ЗА ЕДИНСТВЕНИОТ ПАЗАР НА ЕУ ЗА 2021 ГОДИНА

Европската комисија на 22 декември годинава објави Табела со резултати за Единствениот пазар за 2021 година.

Добро функционален единствен пазар на ЕУ е најдобриот сојузник за отпорна европска економија. Во договор со земјите-членки на ЕУ, опсегот на Табелата е проширена на 3 нови области на политики и индикатори: на циркуларна економија/озеленување на индустријата, надзорот на пазарот и деловното опкружување на МСП.

| Perf. Ind. | AT | BE | BG | CY | CZ | DE | DK | EE | EL | ES | FI | FR | HR | HU | IE |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| IMI | | ↑ | | | | ↓ | | ↑ | ↓ | | | | ↑ | | |
| Infringements | | ↓ | ↓ | | ↓ | | ↑ | | | | | | | ↑ | ↑ |
| SOLVIT | | ↑ | | ↓ | ↑ | | | | | ↑ | ↑ | | ↓ | | ↓ |
| Transposition | ↓ | ↓ | ↓ | ↓ | ↑ | ↑ | ↑ | ↑ | | | | ↑ | ↓ | ↓ | ↓ |
| Your Europe | | | | | | | | | | | | | | ↑ | |
| eCertis | | | | | | | | ↑ | | | | | ↑ | | |
| EURES | | | | ↓ | ↓ | ↓ | | | ↑ | | ↓ | | | | ↑ |
| Professional Qualifications | ↑ | | ↑ | ↑ | | | | | | ↑ | | ↑ | | | ↑ |
| Public Procurement | | ↑ | | | | ↑ | | ↓ | | | | ↑ | ↓ | ↑ | ↑ |
| Trade in Good and Services | ↓ | | | | | | | | | | | | | | ↑ |

Главните наоди се претставени во форма на „семафор“ табела со црвени (под просекот), жолти (просечни) и зелени (надпросечни) картички по алатка или област, додека стрелките во табелата ги означуваат подобрувањата од една до друга година. Во споредба со 2019 година, од резултатите за 2021 година се забележува стабилна ситуација кај повеќето земји-членки и се забележува многу мало подобрување во севкупните перформанси на набљудуваните области.

Подетални податоци по земја и области се дадени во онлајн алатката. Потребна е подобра имплементација на правилата за Единствениот пазар на терен кои ќе им помогнат на бизнисите и граѓаните на ЕУ во користење на нивните слободи и права и за да се олесни зелената и дигиталната транзиција.

https://ec.europa.eu/

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



www.sobranie.mk

Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Талат Џафери, на 21 декември 2021г. оствари средба со Мустафа Шентоп, Претседател на Големото национално собрание на Република Турција, кој престојуваше во официјална посета на државата со група пратеници. На средбата присуствуваа и Горан Мисовски, потпретседател на Собранието, Бејџан Иљас, претседател на Пратеничката група за соработка на Парламентот на Република Турција, Никола Мицевски, Игор Јанушев, Енес Ибрахим, Мерита Колчи-Коџаџику, Зеќир Рамчиловиќ и Хусни Исмаили, членови на Групата и Цветанка Иванова, генерална секретарка на Собранието. Двајцата претседатели оценија дека одржувањето на интензивна комуникација на високо ниво, силно придонесува за унапредување на севкупните билатерални односи, а добрите и пријателски односи меѓу двете земји се пресликани и во плодната парламентарната соработка.



Претседателот Џафери на 10 декември 2021г. оствари работна посета во Република Албанија во рамки на која се сретна со претседателката на Собранието на Република Албанија, г-ѓа Линдита Никола. Ова е втора билатерална средба на двајцата претседатели, по средбата во Атина. На средбата беше констатирана успешната соработка меѓу двете држави во образованието, здравството, културата и особено во туризмот. Двајцата претседатели изразија надеж за остварување на првата меѓувладина конференција со Европската унија, што ќе го одбележи и формалниот почеток на преговорите за полноправно членство во европското семејство.



Во рамки на посетата на Џафери му беше доделена и титулата „Почесен граѓанин“ на Општина Лежа, во знак на неговото достоинствено вршење на должноста Претседател на Собрание. Ова е втора по ред Титула „Почесен граѓанин“, на Претседателот Џафери, по првата доделена од Советот на Градот Суха Река, по повод 10 годишнината од прогласувањето на независноста на Република Косово.



На 9 декември 2021г. претседателот Џафери имаше свое обраќање на настанот за одбележување на Меѓународниот ден за борба против корупцијата. Во своето обраќање истакна дека борбата против корупцијата е целта која нè обединува и околу која мора да се вложат напори за препознавање, спречување и решавање на коруптивните појави во секоја пора од општеството.



Собранието во организација на Клубот на пратенички, а со поддршка на UnWomen се вклучи во одбележување на кампањата „16 дена активизам против родово базирано насилство“. „Не молчи, не трај, СТАВИ КРАЈ!“ е годинешното мото со кое Северна Македонија се приклучува на глобалната кампања „Обој го светот во портокалово за крај на насилството врз жени и девојчиња, сега!“.
Од 25 ноември – Меѓународниот ден за елиминација на насилство врз жени и девојчиња па сè до 10 декември – Меѓународниот ден на човекови права.

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



www.sobranie.mk

Националниот совет за евроинтеграции на седницата одржана на 21 декември годинава дебатираше за Заклучоците на Советот за општи работи на ЕУ за проширувањето и Процесот на стабилизација и асоцијација, одржан на 14 декември 2021 година. На седницата со свои дискусии учествуваа: Александар Николоски, претседател на Советот; Соња Мираковска, потпретседателка на Советот; Никола Димитров, заменик-претседател на Владата задолжен за европски прашања; Дејвид Гир, шеф на Делегацијата на Европската Унија; пратениците и членови на Советот: Антонијо Милошоски, Арбер Адеми, Љупчо Пренџов, Фисника Бектеши-Шаќири и Гордана Силјановска-Давкова и пратеничките Жаклина Пешевска и Бисера Костадиновска-Стојчевска.
На продолжението на Третата седница што се одржа на 3 декември годинава, Националниот совет за евроинтеграции го разгледа Извештајот на Европската комисија за Република Северна Македонија за 2021 година.



Собранието во организација на Комисијата за европски прашања, а со поддршка на Европската комисија, ГД за соседство и преговори за проширување, на 9 и 10 декември одржа ТАИЕКС конференција на тема: Пристапување кон ЕУ, новата методологија и кластерот „Фундаменти“: што се менува за Собранието на Република Северна Македонија? На конференцијата, која ја отвори претседателот на Комисијата за европски прашања, Арбер Адеми и заменикот на генералниот секретар на Собранието Бојан Василевски учествуваа членовите, замениците на Комисијата и на Националниот совет за евроинтеграции и стручната служба во Собранието која работи на ЕУ прашањата. Воведни обраќања за улогата на Комисијата за европски прашања во Парламентот, дадоа претседателот на Комисијата за европски прашања во Парламентот на Австрија, Рајнхолд Лопатка и потпретседателката на Комисијата за европски прашања во Националното собрание на Франција, Лилиана Танги.





На седницата на Правни прашања и човекови права што се одржа на 07 декември годинава во Париз учествуваше Александар Николоски, член на Делегацијата на Собранието во Парламентарното собрание на Советот на Европа и претседател на Пратеничката група на Собранието за соработка со Парламентот на Француската Република. Во рамки на посетата, Николоски оствари средба со Силван Гиоге, заменик-директор за европски прашања на МНР и европски прашања на Франција Бертранд Сор претседател и Лилијана Танги, потпретседател на Групата за соработка Северна Македонија - Франција, на Националното собрание на Француската Република. Свое обраќање на Комисијата за политички прашања и демократија имаше и пратеничката Бисера Костадинова-Стојчевска, заменик-шеф на Делегацијата на Собранието во ПС на СЕ, во рамки на дискусијата за јакнење на улогата на Советот на Европа како темел на европската политичка структура.



Делегација составена од пратеници во Собранието, на 2 декември годинава оствари студиската посета на Шведскиот Парламент. Во рамки на посетата членовите на делегацијата разменија искуства со своите колеги за: законодавната улога на Парламентот, за фазите на законодавниот процес, организацијата на работата на пленарната седница, како и за работата на Комисијата за европски прашања и нејзината советодавна улога во процесот на преговарање на Шведската влада со Советот на министри на ЕУ.

## ПРЕДЛОГ ДИРЕКТИВА ЗА БОРБА ПРОТИВ ЕКОЛОШКИОТ КРИМИНАЛ ВО ЕУ



Европската комисија на 15 декември годинава усвои предлог за нова директива за борба против еколошки криминал, вклучително и прекуграничното загадување на воздухот, водата и почвата, исполнувајќи ја клучната обврска од Европскиот зелен договор.
Целта на предложената директива е поефективна заштита на животната средина, како и обврска за земјите-членки да преземаат мерки од областа на кривичното право во борбата против загадувањето. Со предлогот се дефинираат нови кривични дела во заштитата на животната средина, се утврдуваат минимални санкции и се зајакнува ефикасноста на соработката меѓу органите на прогонот. Според Комисијата, предлогот ќе помогне да се заштитат природата и природните ресурси, како и јавното здравје и благосостојба. Во предлогот- директива се наведуваат нови кривични дела поврзани со животната средина, вклучително и нелегална трговија со дрва, рециклирање бродови или зафаќање на вода. Комисијата предложила да се определат заеднички минимални санкции за еколошки криминал – на пр. кога кривично дело предизвикува или може да предизвика смрт или сериозна повреда на некое лице, членките на ЕУ мора да предвидат најмалку десет години затвор. Предлог-директивата предвидува и дополнителни санкции, вклучително и обврска за обновување на природата, укинување на пристапот до јавните фондови и јавни набавки или повлекување на дозволи. Потпретседателот на Европската комисија за Европски зелен договор Франс Тимерманс истакна дека неказнивоста на прекршителите на законот ги поткопува колективните напори за заштита на природата и биодиверзитетот, како и борбата против климатските промени, за намалување на загадувањето и елиминирање на отпадот.

https://www.euractiv.com

## ИЗВЕШТАЈ ЗА НАПЛАТАТА НА ДАНОЦИ ВО ЕУ




Европската комисија на 2 декември годинава објави годишен извештај за гаповите на ДДВ, кој ја мери вкупната разлика помеѓу очекуваниот приход од ДДВ и вистинскиот наплатен износот во земјите -членки на ЕУ. Според последната студија на службите на Европската комисија, емјите членки на ЕУ во просек изгубиле 134 милијарди евра приходи од ДДВ во 2019 година поради „фискална оптимизација”.
Поради фискална евазија како и административни грешки при пресметките кои ги чинат земјите членки значајни приходи, Европската комисија бара таргетирани и ефикасни политики како одговор на овие појави.
Изгубените приходи од ДДВ за ЕК имаат „екстремно негативни последици” врз капацитетот на владите да инвестираат во јавни добра како образованието, здравството и транспортот, посебно во контекст на економската криза предизвикана од пандемијата, како и климатската криза.
Бројките за 2019 год. значат дека во ЕУ се губеле четири илјади евра во ДДВ секоја секунда, предупреди еврокомесарот за економија, Паоло Џентилони. Сепак, ситуацијата е подобра отколку претходните години, истакнува Европската комисија. Најголем јаз во ДДВ има во Романија со 34,9%, потоа Грција со 25,8% и Малта со 23,5%. Најдобри резултати покажуваат Хрватска со 1%, Шведска со 1,4% и Кипар со 2,7%.

https://ec.europa.eu

## ПРОГНОЗИ НА ЕВРОПСКАТА ЦЕНТРАЛНА БАНКА ЗА 2022 ГОДИНА




Европската централна банка (ЕЦБ) на 17 декември годинава извести дека до март 2022 година ќе заврши со кризните стимулации за економијата во еврозоната, а потоа ќе ги засили стандардните мерки за поддршка поради неизвесноста што ги создаваат новите соеви на коронавирусот.
Во првиот квартал на 2022 год. ЕЦБ дополнително ќе го намали купувањето обврзници во рамки на програмата за пандемична криза PEPP во вкупна вредност од 1,850 милијарди евра и целосно ќе ја затвори во март. Во вториот квартал ЕЦБ двојно ќе го зголеми купувањето обврзници од стандардната програма што ја формира за поддршка на економијата и зајакнувањето на инфлацијата по должничката криза во еврозоната.
ЕЦБ ја задржа негативната каматна стапка на депозитите - 0,5% и основната каматна стапка од 0%, нагласувајќи дека таа ќе остане на тоа ниво додека инфлацијата не достигне „значителни“ 2% пред крајот на 2023 година и не остане на тоа ниво.
„Ова може да вклучи преоден период во кој инфлацијата би била умерено над целното ниво“, повтори ЕЦБ, во согласност со забелешките од состанокот на крајот на октомври.
ЕЦБ постави инструменти за поддршка на економијата во областа на примената на единствената европска валута, а нејзината работа е значително попречена од силната инфлација, поттикната од растот на цените на енергијата и храната и проблемите во синџирите на снабдување.
ЕЦБ речиси ја удвои прогнозата за инфлацијата за 2022 год. од 1,7% предвидена во септември на 3,2%. Проценката на инфлацијата за 2021 год. беше зголемена од 2,2% на 2,6%. Во 2023 година се очекува стапка на инфлација од 1,8%, или 0,3% повисока отколку што се планираше во септември, а иста стапка на раст на цените се предвидува и во 2024 година.

https://www.reuters.com

## СТРАТЕГИЈА НА ЕУ ЗА ПОВРЗУВАЊЕ „ГЛОБАЛНА ПОРТА“




Европската комисија на 01 декември годинава претстави Стратегија за поврзување наречена „Глобална порта“, која предвидува инвестиции до 300 милијарди евра во јавни и приватни фондови во инфраструктурни проекти ширум светот до 2027 година.
Европскиот проект Глобална порта се смета како одговор на кинескиот проект „Еден појас, еден пат“, односно обновување на патот на свилата. Претседателката на Европската комисија, Урсула фон дер Лајен, објасни дека стратегијата е до 2027 година да се соберат 300 милијарди евра во јавни и приватни фондови, од кои ќе се инвестира во инфрастуктурни проекти во странство. Приоритет ќе имаат мрежи со оптички кабли, станици од петтата генерација (5Г) за трансфер на информации за мобилни телефони, како и енергетски централи за производство на струја од чисти извори во земји во развој. ЕУ ќе влезе и во директен дуел со Кина за изградба на транспортни јазли и мрежи, пред сè автопати и аеродроми.
Глобална порта не содржи список со проекти што може брзо да бидат спроведени. За споредба, во кинеската иницијатива се наведени 13.000 проекти во 165 земји. Како своја конкурентска предност, ЕУ ги истакнува транспарентноста и повисоките стандарди за заштита на природната средина. Во вкупната проектирана сума за Глобална порта, 135 милијарди евра се средства од Фондот за одржлив развој. Дополнителни 145 милијарди ќе бидат обезбедени од други европски институции за развој, а 18 милијарди се од програмите на ЕУ за помош на други земји.

https://ec.europa.eu

## ФРАНЦИЈА: ОСУМ МИЛИЈАРДИ ЕВРА ВО ЗАЕДНИЧКИ ЕВРОПСКИ ПРОЕКТИ



Франција планира да инвестира 8 милијарди евра во заеднички европски инвестициски проекти во секторите на полупроводници, батерии, водород и здравство, најави на 10 декември годинава министерот за финансии Бруно Ле Мер. Европската комисија ги олесни строгите регулативи за државна помош за проекти од заеднички европски интерес во кои се вклучени повеќе земји-членки и ја поддржуваат европската стратегија во областа на енергетиката и дигиталната транзиција.

Презентирајќи ги приоритетите на шестмесечното француско претседавање со ЕУ, Ле Мер истакна дека Франција издвоила 1,5 милијарди евра за постојни важни проекти од заеднички европски интерес во производството на батерии за автомобили. Средствата ќе овозможат отворање на 2.000 работни места во фабрика за батерии во Франција. Франција најави и 1,7 милијарди евра за производство на полупроводници, чиј недостиг ги погодува компаниите ширум светот, особено производителите на автомобили во периодот на закрепнување на побарувачката по кризата со коронавирусот.

Инвестицијата ќе му помогне на француско-италијанскиот производител на полупроводници ST Microelectonics да го зголеми неделното производство од 6.800 на 8.000 чипови во фабриката во Крол во југоисточна Франција.

За заеднички водородни проекти ќе се обезбедат три милијарди евра преку 15 европски проекти од кои ќе имаат корист француските компании, вклучително и хемиската групација Аркему, производителот на автомобили Рено, производителот на автоделови Фаууресија, Пластик Омниум, компанијата за водород Мекфи и индустриската гасна група Ер Ликвид.

Во здравствениот сектор ќе се насочат 1,5 милијарди евра за развој на биотерапија и зголемување на производствените капацитети.

Дополнително, издвоени се 300 милиони евра за складирање податоци во француски или европски облак мрежи, во корист на француските групи OBX, АТОС и Оранж.

https://www.euronews.com

## ЛИДРИТЕ НА ЕУ ПОДЕЛЕНИ ОКОЛУ ПРАВИЛАТА ЗА ПАТУВАЊЕ ПО ПОЈАВАТА НА ОМИКРОН




Самитот на ЕУ кој се одржа на 16 и 17 декември годинава во Брисел се фокусира на предизвиците пред кои е исправена ЕУ и нејзиното единство. Освен здравствената состојба, лидерите разговараа за Украина, Русија, Белорусија, миграција и економија. Повеќе земји-членки на ЕУ беа на ставот дека се потребни дополнителни рестрикции за патување поради новиот сој Омикрон на Ковид-19.

Лидерите на ЕУ не се договорија за заеднички координиран пристап кон мерките за патување во пресрет на Божиќните и новогодишните празници, откако неколку земји членки воведоа еднострани мерки. Во однос на здравствените мерки и рестрикции, Италија, Грција и Португалија бараат дополнителни негативни ПЦР тестови за влез на нивната територија вклучително и за вакцинирани лица. Сепак, во заклучоците од самитот, лидерите на ЕУ посочија дека ограничувањата треба да бидат координирани, врз основа на објективни критериуми и насразмерно да не го попречуваат слободното движење меѓу земјите членки на ЕУ.

Европската комисија и претседателот на Европскиот совет, Шарл Мишел, како и бројни други-земји членки побараа посилна координација на ниво на ЕУ за да не се попречи слободното движење и заедничкиот пазар и да остане релевантен ковид пасошот. Комисијата во следниот период се очекува да предложи пролонгирање на европскиот дигитален ковид пасош кој за сега останува валиден до 30 јуни 2022.

https://euobserver.com

## ПРОДОЛЖЕНА УРЕДБАТА ЗА РОАМИНГ ЗА 10 ГОДИНИ

Преговарачите на државите членки и Европскиот парламент на 09 декември 2021 година постигнаа договор за новата Уредба за роаминг која го продолжува сегашниот систем за користење на мобилни телефони во странство без дополнителни давачки до 2032 година.
Актуелната уредба е со важност до 30 јуни 2022 година, додека новата го продолжува системот без наплата на роамингот за следните десет години. Договорот треба и формално да биде ратификуван од Советот и Европскиот Парламент.
Уредбата за т.н. „роаминг како од дома“ се применува од 15 јуни 2017 год. и во него цените за роаминг се одредуваат врз основа на националните цени. Тоа значи дека секој клиент во роаминг во една од земјите на ЕУ и во земјите од Европската економска област Исланд, Норвешка и Лихтенштајн плаќа за услугите според тарифата договорена со неговиот домашен мобилен оператор.
Новата уредба на корисниците треба да им обезбеди ист квалитет на услуги што ги имаат во домашната мрежа како и кога се на пат. Корисниците на 5G мрежни услуги во нивната земја треба да имаат пристап до таа мрежа каде и да е достапна. За четири и пол години, откако сегашната уредба стапи во сила, многу корисници реагирале дека немаат ист квалитет на услуга кога се во странство.




Според новата уредба, корисниците ќе добиваат СМС пораки за евентуални дополнителни трошоци кога ќе се поврзат на т.н. „неземски мрежи“ кои се достапни во авиони и бродови, а не се опфатени со уредбата за роаминг. Кога корисниците се во авион или во брод мобилните телефони можат автоматски да се поврзат на „неземска мрежа“ и да направат дополнителни трошоци. Со новата уредба, операторите ќе треба да обезбедат опција со која се избегнува автоматско поврзување со такви мрежи.

https://ec.europa.eu

## НОВА ЗАЕДНИЧКА ЗЕМЈОДЕЛСКА ПОЛИТИКА НА ЕУ




Новата реформирана заедничка земјоделска политика денеска (CAP) стапува на сила со објавата во службениот весник на ЕУ.
Договорот е постигнат во јуни помеѓу Парламентот и Советот на ЕУ врз база на предлогот на Европската комисија.
Во новиот предлог за земјоделската политика на ЕУ се вклучени „поамбициозни цели за животната средина и климата“, вели Европската комисија и „порамномерна распределба на помошта, посебно малите и средните фарми“.
Земјите членки имаат рок до 31 декември да ги поднесат своите стратешки планови до Европската Комисија која потоа ќе ги евалуира и треба да ги одобри во рок од шест месеци. Националните планови треба да бидат готови и проценети до први јануари 2023 кога треба да почнат да се применуваат.
За периодот 2021-2027 Заедничката земјоделска политика се доделени 387 милијарди евра. Изворите на финансирање се од два различни фонда: Европскиот земјоделски гарантен фонд (EAGF), кој е утврден на 291,1 милијарди евра (во тековни цени); и Европскиот земјоделски фонд за рурален развој (EAFRD), кој ќе изнесува 95,5 милијарди евра.

https://ec.europa.eu/info

## ЗАКОНСКИ ПРЕДЛОГ ЗА МИНИМАЛНА ПЛАТА ВО ЕУ



Советот на ЕУ на 06 декември годинава постигна договор околу основите на законскиот предлог за минимална плата во ЕУ.

Предлогот на Европската Комисија предвидува „фер плати“ и поставува рамка со која ќе се промовираат соодветни нивоа на минимална плата и колективни договори за одредување на платите и подобрување на ефикасноста за пристап до минималната плата за работниците.

Во однос на колективните договори за преговарање за одредување на платите, разликите меѓу земјите членки се големи. Европската Комисија констатира дека во земјите каде е висока стапката на колективни договори бројот на работници со ниски плати и повисоки минимални плати е поголем од земјите каде покриеноста на колективните преговори е ниска.

Предлог законот за минимална плата во ЕУ има за цел да постави процедурална рамка која ќе овозможи огромните разлики помеѓу земјите членки во областа на социјалните права и платите да постигнат подобра социјалните права на работниците. Земјите со веќе висока заштита на социјалните права на работниците не смеат да бидат доведени во ситуација да ги ослабнат истите поради усогласувањето на ниво на ЕУ, како што е случајот со Шведска и Данска.

Предлог законот е во преговори од октомври 2020 година. Со договорот постигнат во Советот на ЕУ се отвора процесот на преговори со Европскиот Парламент, кој гласаше за предлог директивата на 25 ноември годинава. Европската конфедерација на синдикати потсети дека над 9 милиони работници во ЕУ не можат да ги платат сметките на крајот на месецот и се приморани да се задолжат за основни потреби како храна, кирија и греење.

https://www.consilium.europa.eu

## 10 ДЕКЕМВРИ - ДЕН НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА




Денот на човековите права се одбележува секоја година на 10 декември - денот кога Генералното собрание на ОН во 1948 година ја усвои Универзалната декларација за човекови права (UDHR).

Европа денес се соочува со големи предизвици, пандемија, илегална миграција, климатски промени, социјални проблеми, вклучително и зголемена верска нетолеранција, расизам, дискриминација и насилство врз жените.

“Човековите права, демократијата и владеењето на правото се под голем притисок. Сега повеќе од кога било мораме да останеме верни на нашите вредности, кои се отелотворени и во Конвенцијата за човекови права, и да обезбедиме брза и ефективна имплементација на пресудите на Европскиот суд” истакна Марија Пејчиновиќ Буриќ, генерална секретарка на Советот на Европа.

Европската конвенција за човекови права е креирана да им помогне на националните власти да обезбедат почитување на основните човекови права на обичните луѓе во сите околности.

Повеќе од 20.000 пресуди на Европскиот суд за човекови права и нивната имплементација во 47-те земји-членки донесоа многу вистински подобрувања во животот на луѓето за широк спектар прашања, вклучувајќи еднаквост, недискриминација, здравје и животна средина и пошироки придобивки за општествата.

Овогодинешната тема на Денот на човековите права се однесува на „Еднаквост“ и член 1 од UDHR – „Сите човечки суштества се раѓаат слободни и еднакви по достоинство и права“.

https://www.coe.int

## РАБОТА ОД ДОМА НИЗ РЕГИОНИТЕ ВО ЕУ ВО 2020

Многу луѓе започнаа да работат од дома по воведување на мерките за социјално дистанцирање како одговор на пандемијата со Ковид 19. Во 2020 година 20% од вработените во ЕУ на возраст од 20 до 64 години работеле од дома. Помеѓу регионите на ЕУ , во Фелсинки (Финска) забележан е најголем удел од 37% на работа од дома во 2020 година. Скоро секој четврти вработен работел од дома во градовите Виена (Австрија), Ховестаден (Данска), Ил де Франс (Франција) и Утрехт (Холандија).

https://ec.europa.eu/eurostat




**Донесени закони во Собранието во месец октомври 2021 година**

1. Закон за ратификација на измените и дополнувањата на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и ЕФТА државите,
2. Закон за изменувања и дополнувања на Законот за странци,
3. Закон за медијација,
4. Закон за изменување и дополнување на Законот за трговија,
5. Закон за развој, производство и промет на воени стоки.

***ЕУ КАЛЕНДАР / јануари 2022***

1. *Француско претседателство со Советот на ЕУ јануари-јуни 2022 година;*
2. *Пленарна сесија на Европскиот парламент, 17-20 и 27/01/2022, Стразбург;*
3. *Состанок на Советот за надворешни работи, 24/01/2022, Брисел;*
4. *Состанок на Советот за општи работи, 25/01/2022, Брисел.*




**Корисни линкови за електронски публикации на ЕУ:**
https://publications.europa.eu/en/home
https://europa.eu/european-union/documents-publications
http://www.europarl.europa.eu/visiting/en/brussels/parlamentarium

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО**

Адреса: 11 Октомври бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локал 414
Факс: +389 2 3 182 277
E-mail: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk

*Во Собранието беше спроведен ИПА Проект за „Техничка помош за Парламентот", во периодот од јануари 2011 до јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*

*Во рамките на ИПА проектот, беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување на ЕУ центар во Собранието.*

*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата да им се обезбеди подобар пристап до информации поврзани со ЕУ прашања.*

*ЕУ центарот организациски е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции.*

*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




